# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

**Службен весник на РМ, бр. 57 од 26.04.2010 година**

**Член 1**

Во Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија" број 52/2005, 81/2008 и 148/2009), членот 33 се менува и гласи:

„Ако просветниот инспектор во вршењето на инспекцискиот надзор утврди дека со повреда на закон или друг пропис е сторен прекршок ќе изрече глоба во мандатна постапка.

Ако глобата од ставот 1 на овој член не се плати во утврдениот рок, просветниот инспектор ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

Ако просветниот инспектор во вршењето на инспекцискиот надзор утврди дека со повреда на закон или друг пропис е сторено кривично дело ќе поднесе пријава за сторено кривично дело.

Органот на кого му е поднесено барањето, односно пријавата од ставовите 1 и 3 на овој член е должен својата одлука да ја достави до просветниот инспектор."

**Член 2**

Во членот 36 став 1 воведната реченица се менува и гласи: „Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече на правното лице, ако:".

Ставовите 2 и 3 се менуваат и гласат:

„Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице вработено во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член."

Ставот 4 се брише.

**Член 3**

По членот 36 се додава нов член 36-а, кој гласи:

**„Член 36-а**

Средствата од глобите изречени во мандатна постапка од страна на државните просветни инспектори се приход на Буџетот на Република Македонија, а средствата од глобите изречени во мандатна постапка од страна на овластените инспектори на општините и на градот Скопје се приход на општините и градот Скопје."

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".